И.бр.808/17

Извршителот **Катерина Кокина од Скопје** врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот **Друштво за меѓународен транспорт, шпедиција, производство, трговија и услуги ИНТЕР ШИПИНГ увоз-извоз ДОО Гевгелија** од Гевгелија со ЕДБ 4006007122953 и седиште на Бул.„Гевгелија“ 6/7, засновано на извршната исправа с2 ПЛ1-ТС-1202/16 од 04.10.2016 на Основен суд Скопје 2 Скопје, против должникот **Друштво за инженеринг, градежништво, трговија и услуги БС ИНЖЕНЕРИНГ ДОО Скопје** од Скопје со ЕДБ 4030002454565 и седиште на ул.Македонија бр.6, Центар, за спроведување на извршување во вредност 236.712,00 ден., на ден 09.09.2020 година го донесува следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРВА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА**
**(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА продажба со прво усно јавно наддавање на недвижноста евидентирана во Имотен лист број 100018, Катастарска општина Штип – 5, КП бр.7512/3, Адреса (улица и куќен број на зграда) Кузман Ј. Питу, Број на зграда/друг објект 1, Нам. на згр. И други обј А2-1, Влез 1:

-Кат К2, Број 3, Намена на посебен/заеднички дел СТ, Внатрешна површина во м2 58, Основ на градба 1, Право на недвижност сопственост и

-Кат К2, Број 3, Намена на посебен/заеднички дел ПП, Внатрешна површина во м2 11, Основ на градба 1, Право на недвижност сопственост,

сопственост на должникот Друштво за инженеринг, градежништво, трговија и услуги БС ИНЖЕНЕРИНГ ДОО Скопје.

**Продажбата ќе се одржи на ден 09.10.2020 година во 14:00 часот во просториите на извршител Катерина Кокина во Скопје, Бул.Св. Климент Охридски бр.52/1-9.**

Почетната вредност на недвижноста, утврдена со Заклучок за утврдување на вредност на недвижност врз основа на чл.177 од ЗИ И.бр.808/17 од 09.09.2020 година извршителот Катерина Кокина изнесува 2.495.486,00 денари, под која недвижноста не може да се продаде на првото јавно наддавање.

Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености:

-Налог за извршување врз недвижност врз основа на чл.166 од ЗИ И.бр.172/16 од 12.07.2017 година на Извршител Методија Костадинов и Заклучок за поправање на грешки во актите на извршителот И.бр.172/16 од 22.08.2019 година;

-Налог за извршување кај пристапување кон извршување врз основа на чл.169 од ЗИ И.бр.808/17 од 25.10.2017 година на Извршител Катерина Кокина и Заклучок за поправање на грешки во актите на извршителот И.бр.808/17 од 11.03.2020 година;

-Налог за извршување кај пристапување кон извршување врз основа на чл.169 од ЗИ И.бр.4640/2015 од 25.12.2017 година на Извршител Фанија Каламатиева;

-Налог за извршување кај пристапување кон извршување врз основа на чл.169 од ЗИ И.бр.5130/2018 од 13.09.2018 година на Извршител Андреја Буневски;

-Налог за извршување кај пристапување кон извршување врз основа на чл.169 од ЗИ И.бр.1076/19 од 17.10.2019 година на Извршител Зоран Димов.

Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста., односно 249.549,00 денари

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на посебната сметка од извршителот со бр. 200002387764020 која се води кај Стопанска Банка АД Скопје и даночен број MK5080011502026 најдоцна еден ден пред одржување на наддавањето. Доказ за уплатената гаранција е извод од посебната сметка на извршителот.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање Нова Македонија и електронски на веб страницата на Комората .

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Катерина Кокина**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**- СЛУЖБА ЗА ОПШТИ И ЗАЕДНИЧКИ РАБОТИ -**

Врз основа на член 22 став 1 алинеја 2, став 3, став 8, став 13 и став 14 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.143/19), член 22, член 23, член 24, член 25, член 26 и член 27 од Законот работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр.167/15 - пречистен текст, 27/16 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.110/19) и Правилникот за систематизација на работните места во Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија бр.01-2270/3 од 29.03.2018 година, бр.01-4460/6 од 17.08.2018 година и бр.01-7730/1 од 12.11.2019 година, а согласно Точка 6 од Заклучокот од Втората седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 03.09.2020 година, Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија објавува:

**ЈАВЕН ОГЛАС БРОЈ 04/2020**
**за вработување на определено време поради привремено зголемен обем на работа**

Службата за општи и заеднички работи на Владта на република Северна Македонија поради привремено зголемен обем на работа, објавува јавен оглас за ангажирање на 2 (две) лица на определено време до 31.12.2020 година, на следната работна позиција:

**Возач на лично располагање** во Одделението за превоз и одржување на моторни возила - **2 (двајца) извршители;**

Потребни квалификации: Образование: Средно, најмалку 1 година работно искуство, да поседува возачка дозвола за Б категорија;

Основна нето плата: 23.562,00 денари;

Кандидатите треба да ги приложат и следните документи:

Своерачно потпишана пријава со точна назнака со број и назив на работното место за кое конкурираат, со наведен контакт телефон и адреса на живеење/престојување;

Кратка биографија (CV);

Уверение/Свидетелство за завршено соодветно образование;

Доказ за работното искуство потребно за работното место (Листа на стаж од Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на република Северна Македонија и Преглед на пријава/одјава од Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија);

Работното време изнесува 40 часа неделно, а распоредот на истото го утврдува Работодавачот, кое може да биде организирано во смени, согласно потребите на работниот процес.

Јавниот оглас трае 3 (три) работни дена сметајќи го и денот на објавувањето.

Пријавите да се достават до Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Плоштад „Пресвета Богородица“ бр.3, 1000 Скопје, преку Архивата на Службата или преку пошта.

Пријавите што нема да бидат поднесени во утврдениот рок и пријавите што нема да ги содржат потребните документи, како и пријавите кои нема да бидат доставени на погоре утврдениот начин, ќе се сметаат за ненавремени, неуредни и некомплетни и нема да се разгледуваат.

На интервју ќе бидат повикани само кандидатите што ги исполнуваат условите.

Изборот на пријавените кандидати ќе се изврши во рокот утврден согласно Законот за работни односи.

**Служба за општи и заеднички работи**
**на Владата на Република Северна Македонија**

ЕВРОИНС ОСИГУРУВАЊЕ

Врз основа на член 387 и 388 од Законот за трговските друштва, член 37 и 38 од Статутот на ЕВРОИНС ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје, и во согласност со Одлуката за свикување на свикување на Вонредно собрание на акционерите на ЕВРОИНС ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје во 2020 година донесена од страна на Одборот на директори на Друштвото на ден 14.09.2020 година, Извршниот директор на Друштвото објавува

**Ј А В Е Н  П О В И К**
**за свикување на Вонредно собрание на акционерите на**
**ЕВРОИНС ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје во 2020 година**

**1. ДАТУМ, ЧАС И МЕСТО НА ОДРЖУВАЊЕ**

Со Одлука за свикување на Вонредно собрание на акционерите на ЕВРОИНС ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје во 2020 година, донесена од страна на Одборот на директори на Друштвото на ден 14.09.2020 година, свикана е вонредна седница на собранието на акционерите на Друштвото во 2020 година.

Седницата ќе се одржи на ден 19.10.2020 година (понеделник) во 10:00 часот, во седиштето на Друштвото, на ул.„Скупи“ бр.12, Скопје-Карпош.

**2. ДНЕВЕН РЕД**

За работа на седницата на Собранието на акционери се предлага следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

**I. Процедурален дел**

1. Отворање на Собранието на акционери;
2. Утврдување на кворум за работа на Собранието:
- Верификација на списокот на пријавени и присутни акционери или нивни полномошници.
3. Избор на работни тела:
- Избор на Претседавач на Собранието;
- Избор на записничар на Собранието - Именување на Нотар за водење на Записникот на Собранието.

**II. Работен дел**

1. Предлог Одлука за измена на Статутот на ЕВРОИНС ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје бр.0201-745/8-1 од 26.03.2019 година.

Се повикуваат акционерите на ЕВРОИНС ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје да присуствуваат на Собранието.

**3. ПРАВО НА УЧЕСТВО**

Право на учество на вонредната седница на собранието на акционерите има секој акционер на Друштвото запишан во акционерската книга на ЕВРОИНС ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје, лично или преку овластен полномошник кој ќе го застапува, со уредно полномошно согласно одредбите на Законот за трговските друштва.

Полномошното мора да биде доставено во Друштвото, најдоцна пред почетокот на одржувањето на седницата.

**4. ПРИЈАВА НА УЧЕСТВО**

Секој акционер кој има намера да учествува на вонредната седница на собранието на акционери или негов полномошник, е должен да го пријави своето учество најдоцна пред почетокот на одржување на седницата на Собранието.

Пријавување за учество на вонредната седница на Собранието на акционери се врши со пријава во писмена форма, а за полномошникот во прилог на пријавата се доставува и полномошно, составено во форма предвидена со закон.

Пријавата за учество на вонредната седница се доставува на адресата-седиштето на ЕВРОИНС ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје, ул.„Скупи“ бр.12, Скопје-Карпош, лично или преку пошта со препорачана пратка.

**5. МАТЕРИЈАЛИ**

Материјалите за вонредната седница на собранието на акционери на ЕВРОИНС ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје ќе бидат достапни за секој акционер, во просториите на седиштето на Друштвото, на ул.„Скупи“ бр.12, Скопје-Карпош, секој работен ден од 10:00 часот до 12:00 часот.

**ЕВРОИНС ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје**
**Извршен директор Ралица Губерова**